Врз основа на членовите 345-348 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Универзитетскиот, сенат на 43.седница одржана на 26.4.2012 година, го донесе следниов

# ПРАВИЛНИК

## за прашањата за кои одлучува Комисијата за студентски жалби на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, начинот на постапување и актите што ги донесува

*Општа одредба*

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат прашањата за кои одлучува Комисијата за студентски жалби на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, начинот на постапување и актите што ги донесува.

*Прашања за кои одлучува Комисијата за студентски жалби*

**Член 2**

Комисијата за студентски жалби (во натамошниот текст: Комисијата) одлучува за правата и обврските на студентите запишани на првиот и на вториот циклус на студии, односно запишани на студиските програми за додипломски и постдипломски студии.

Комисијата одлучува за следниве права и обврски на студентите утврдени со закон, актите на Универзитетот и на единиците:

1. редовно студирање и статус на редовен студент и право на вонредно студирање и статус на вонреден студент;
2. завршување на студиите под услови кои важеле при уписот;
3. завршување на студиите за пократко време според условите утврдени со студиската програма;
4. продолжување на студиите што се прекинати;
5. паралелно студирање;
6. дополнителни испитни рокови за завршно оценување за студентите утврдени со Статутот на Универзитетот;
8. престанок на статусот студент;
9. обновување на статусот студент.

*Постапување на Комисијата*

**Член 3**

Комисијата за студентски жалби одлучува за правата и обврските на студентите од член 2 на овој Правилник кога им се повредени со акт на органите на единиците.

Комисијата не може да одлучува доколку претходно не одлучувала деканатската, односно институтската управа на единицата.

Студентот кој е незадоволен од одлуката на деканатската, односно инсти-

тутската управа на единицата може да поднесе жалба до Комисијата во рок од 8 дена од приемот на одлуката.

Доколку деканатската, односно институтската управа на единицата не одлучат по барањето на студентот во рок од 30 дена од приемот на барањето, тој има право во рок од 8 дена од истекот на рокот, да ја извести Комисијата.

Комисијата во рок од 15 дена го задолжува деканот, односно директорот да спроведе постапка за донесување на одлука по барањето на студентот.

Деканот, односно директорот е должен да ја спроведе постапката во рок од 30 дена од приемот на известувањето од Комисијата.

**Член 4**

Комисијата работи на седници кои ги закажува претседателот на Комисијата.

Комисијата по правило не води усна расправа.

Комисијата донесува одлука по жалбата и ја доставува до студентот и до единицата во рок од 30 дена од нејзиниот прием.

**Член 5**

Во работата на Комисијата по службена должност учествува и секретарот на единицата, без право на одлучување.

Секретарот ја известува Комисијата за спроведените постапки пред органите на единицата, се грижи за достапност на документите кои се од значење за одлучување по жалбата, учествува во стручното изготвување на одлуката на Комисијата, се грижи за нејзина реализација и врши и други работи по барање на Комисијата.

*Акти што ги донесува Комисијата*

**Член 6**

Комисијата одлучува со решение.

Комисијата ги донесува следниве решенија:

- решение со кое ќе ја отфрли жалбата ако е ненавремена, недозволена и поднесена од неовластено лице;
- решение со кое ќе ја одбие жалбата и ќе ја потврди одлуката на деканатската, односно институтската управа на единицата;
- решение со кое ќе ја уважи жалбата, ќе ја поништи одлуката на деканатската, односно институтската управа на единицата и предметот ќе го врати на повторно одлучување;
- ќе ја уважи жалбата, ќе ја поништи одлуката на деканатската, односно институтската управа на единицата и ќе одлучи по предметот.

**Член 7**

Решението го потпишува претседателот на Комисијата.

Одлуките на комисијата се конечни и задолжителни за единиците на Универзитетот.

**Член 8**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**

Врз основа на членовите 107 и 345 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетскиот сенат, на 12. седница одржана на 10.9.2013 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за формирање Комисија за студентски жалби на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
## (пречистен текст)

**Член 1**

Се формира Комисија за студентски жалби од пет члена, од кои тројца се наставници, еден од Службата на Универзитетот и еден студент.

Комисијата за студентски жалби (во натамошниот текст: Комисијата) има претседател, четири члена и нивни заменици.

**Член 2**

За членови на Комисијата се именуваат:

- доц. д-р Ивана Шумановска Спасовска, *за претседател на Комисијата*
- проф. д-р Владимир Цабирски, *за заменик - претседател на Комисијата*
- проф. д-р Влатко Стоилков, *член на Комисијата*
- проф. д-р Владимир Петрушевски, *заменик-член на Комисијата*
- проф. д-р Татјана Миткова, *член на Комисијата*
- проф. д-р Лидија Христова, *заменик - член на Комисијата*
- Јагода Дренковска, *член на Комисијата*
- Маргарита Шукулоска, *заменик - член на Комисијата*
- студент, *член на Комисијата*
- студент, *заменик - член на Комисијата*

**Член 3**

Мандатот на членовите од членот 2 на оваа Одлука е 4 (четири) години, со право на повторен избор.

Членот-студент по предлог на Студентскиот парламент се именува за време од 2 (две) години.

**Член 4**

Сите членови имаат еднакви права, обврски и одговорности.

Комисијата за студентски жалби одлучува согласно со закон, Статутот и другите акти на Универзитетот и единиците.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**